Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-545/3
Охрид, 16.10 2026 год.

Врз основа на член 97, став 6, точка 3 и став 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25), член 137 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година), точка 28 од Упатството за постапката за избор на ректор (арх. бр. 02-478/4 од 25.09.2026 година), а врз основа на Записникот од сумирани резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 02-545/2 од 16.10.2026 година), Универзитетската изборна комисија на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, на состанок одржан на ден 16.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување избран кандидат за ректор
за мандатен период 2026-2029

1. Врз основа на сумираните резултати од тајното гласање за избор на ректор на единците на Универзитетот, **за ректор на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид е избран проф. д-р Атанас Христов, редовен професор** на Факултетот за информатички и комуникациски науки.
2. Записникот на Универзитетската изборна комисија со сумираните резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, е составен дел од оваа одлука.
3. Мандатот на избраниот ректор трае 3 (три) години.
4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот и со други акти на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука и Записникот кој е нејзин составен дел кандидатот има право на приговор согласно член 138 од Статутот на Универзитетот до УИК во електронска форма на е-адресата uik2026@uist.edu.mk и во архивата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” Охрид во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот.

претседател
на Универзитетската изборна комисија

вонр. проф. д-р Анис Сефиданис